за деловната 2025 година

# Извештај за корпоративно управување на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО

Содржина:

**Вовед...........................................................................................................................2**

**Правна рамка ...............................................................................................................3**

**Вовед...........................................................................................................................2**

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, СОСТАВ, ФУНКЦИОНИРАЊЕ, КРИТЕРИУМИ НА НЕЗАВИСНОСТ И НАДЛЕЖНОСТИ.........................................................................4**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ ..................................................................................9**

**КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ ...................................................................................10**

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ..........................................................................11**

**АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА ...............................................................................12**

**ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ...........................................12**

**КОДЕКС ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ..................................................14**

**Заклучок ........................................................................................................................ 15**

***Вовед:***

Друштвото ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО донесе Кодекс за корпоративно управување бр.02-700 од 19.02.2021 година, чиј текст е јавно достапен во просториите на Фабриката и на официјална веб страна на Фабриката.

Корпоративното управување за ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО претставува систем од стандардизирани процеси и процедури кои се засноваат врз принципите на одговорност, транспарентност и ефикасна контрола во одлучувањето. Тоа претставува рамка од правила според кои се носат клучните одлуки, се управува со секојдневното работење и се обезбедува објективно известување за состојбите во Друштвото, со цел следење на доследната имплементација на стратешките цели.

Корпоративното управување во Друштвото подразбира:

- Дефинирани права и одговорности на членовите на органите на управување
- Следење на ризици на кое е изложено Друштвото
- Воспоставени механизми на внатрешна контрола
- Независна внтарешна ревизија
- Транспарентност во работењето на Друштвото

***Правна рамка***

Согласно важечката законска и подзаконска регулатива, во 2025 година, правната рамка на која се заснова корпоративното управување во земјата се состои од закони со кои се регулираат клучните аспекти на оваа проблематика, и тоа:

- **Законот за трговските друштва:** Како примарен правен акт кој го уредува основањето, управувањето и престанокот на акционерските друштва во државата.

- **Законот за хартии од вредност:** Регулатива која ги дефинира правилата за тргување на берзата, обврските за известување и заштитата на инвеститорите.

- **Правила за котизација на Берзата:** Со оглед на тоа што акциите на Друштвото се котираат на официјалниот пазар, компанијата ги исполнува сите критериуми за континуирано информирање на јавноста.

- **Законот за заштита на личните податоци (GDPR усогласеност):** Спроведени се мерки за заштита на податоците на акционерите и вработените.

- **Интерни акти на Друштвото:**

- Статут на Друштвото (највисок акт)
- Кодекс за етичко однесување на вработените
- Останати интерни акти, правила и процедури

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување, Друштвото ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО известува за следното:

# I. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, СОСТАВ, ФУНКЦИОНИРАЊЕ, КРИТЕРИУМИ НА НЕЗАВИСНОСТ И НАДЛЕЖНОСТИ

Согласно Статутот на Друштвото ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО применува **едностепен систем на управување**. Овој модел е избран со цел да се обезбеди поголема ефикасност во процесот на донесување одлуки, директна комуникација меѓу извршните и неизвршните членови и побрза имплементација на стратешките цели.

Управувањето со Друштвото е доверено на **Одборот на директори**, кој ги поседува сите овластувања за управување и застапување на компанијата, како и за вршење надзор над нејзиното тековно работење.

Во текот на деловната 2025 година Одборот на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, работеше во полн состав од 3 члена од кои 1 е независен.

- **Извршни членови:** Се грижат за тековното работење, ги спроведуваат секојдневните активности и се одговорни за реализација на усвоените бизнис планови. Тие имаат право на застапување на Друштвото во правниот промет.
- **Неизвршни членови:** Нивната примарна улога е постојан надзор над работата на извршните членови и заштита на интересите на акционерите. Тие учествуваат во донесувањето на стратешките одлуки, но немаат извршни функции во секојдневното работење.
- **Независни членови:** (Како дел од неизвршните членови) Обезбедуваат објективност и непристрасност при одлучувањето, со што се спречува конфликт на интереси и се зголемува транспарентноста кон малцинските акционери.

Членови на одбор на директори со состојба на 31.12.2025 година се:

1. **Александар Крстевски**, Претседател и неизвршен член на Одбор на директори
2. **Драган Сарк**, Независен неизвршен член на одбор на директори
3. **Марија Ивановска Николовски**, Извршен член на Одбор на директори (Извршен директор)

Претседател и неизвршен член на Одбор на директори Александар Крстевски е вработен во Детоил ДОО Куманово како Комерцијален директор.

Независен и неизвршен член на Одбор на директори Драган Сарк до 30.06.2022 година беше во редовен работен однос со Фабриката како Директор на Развој и подготовка на производство. Од 01.07.2022 година заминува во старосна пензија.

Извршен член на Одбор на директори односно Извршен директор Марија Ивановска Николовски е вработена во Фабриката на 02.04.2018 година како Директор на Управување со квалитет.

Со одлука на Собрание на Друштвото ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО од 30.05.2022 година членовите на Одбор на директори се изберени со мандат од 5 години со што мандатот на сите членови на Одбор на директори трае до 30.05.2027 година.

Соодветни критериуми за независност, покрај оние пропишани со закон, сите членови на одбор на директори имаат соодветни квалификации, лични карактеристики, искуство и интегритет со што на најдобар можен начин придонесуваат кон успешно работење на Одборот.

Во текот на 2025 година беа одржани 9 седници на Одбор на директори на кое се донесоа следните акти:

| Седница | Датум | Усвоени акти |
|---|---|---|
| 34 Седница | 25.02.2025 | 1. Усвојување на Записникот од триесет и третата седница на Одбор на директори;<br>2. Усвојување на Извештај од Централна пописна комисија за извршен попис за 2024 година и донесување на Одлуки.<br>3. Донесување на Одлука за буџет за обуки за 2025 година |
| 35 Седница | 14.03.2025 | 1. Усвојување на Записник од триесет и четвртата седница на Одбор на директори;<br>2. Разгледување на Годишен извештај за работата на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за деловната 2024 година, Биланс на состојба и Биланс на успех.<br>3. Донесување на Одлука за усвојување на годишна сметка за 2024 година на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО.<br>4. Донесување на Одлука за одобрување на План за извршување на внатрешни ревизии за 2025 година<br>5. Одлука за ангажирање на Друштво за изработка на процена на пазарна вредност нанедвижност сопственост на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 36 Седница | 01.04.2025 | 1. Усвојување на Записник од триесет и петата седница на Одбор на директори;<br>2. Донесување на Одлука за усогласување на минимална плата при пресметка на платите во Фабриката |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. Донесување на Одлука за донесување на Категоризација на работни места на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 37 Седница | 25.04.2025 | 1. Усвојување на Записникот од триесет и шестата седница на Одбор на директори;<br>2. Рагледување на Годишен извештај за работење на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово во деловната 2024 година;<br>3. Разгледување на Извештај на независни ревизори за финансиски извештаи за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за деловната 2024 година;<br>4. Разгледување на Годишен извештај од Служба за внатрешна ревизија;<br>5. Донесување на Одлука за свикување на редовно Годишно собрание;<br>6. Разгледување на барање за доставување на буџет за 2025 година и долгорочен (тригодишен/петгодишен) план за работа на друштвото од страна на ревизорска куќа Grant Thornton Skopje и донесување на Заклучок со образложени причини поради кои ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО не е во можност да донесе буџет за 2025 година и долгорочен (тригодишен/ петгодишен) план за работа.<br>7. Одлука за ревалоризација недвижен имот врз основа на Извешатј за процена на пазарна вредност на недвижен имот сопственост на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 38 Седница | 02.06.2025 | **1.** Усвојување на Записникот од триесет и седмата седница на Одбор на директори;<br>**2.** Одлука за преземање на обврска за плаќање на долг на Друштво за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на дигалки и индустриски транспортери ДИГИНТРАНС ДООЕЛ Куманово |
| 39 Седница | 08.07.2025 | 1. Усвојување на Записник од триесет и осмата седница на Одбор на директори<br>2. Донесување на Одлука за давање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласност за издавање под закуп на недвижен имот – деловен простор сопственост на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со прилог Оглас за усно јавно наддавање за давање под закуп на недвижен имот сопственост на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 40 Седница | 20.11.2025 | 1. Усвојување на Записник од триесет и деветата седница на Одбор на директори<br>2. Одлука за формирање на комисии за попис<br>3. Донесување на Одлука за утврдување на потреба од воведување на економски, организациони и структурални промени кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените<br>4. Донесување на Одлука за утврдување на потребата за изготвување на Програма за економски, организациони и структурни промени и Одлука за изменување на Правилник за организација и систематизација на работни места во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 41 Седница | 26.11.2025 | 1. Усвојување на Записник од четириесетата седница на Одбор на директори<br>2. Донесување Одлука за усвојување Прогарама за економски организациони и структурни промени<br>3. Донесување на Одлука за усвојување на Одлука за изменување на Правилник за организација и систематизација на работни места во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО |
| 42 Седница | 24.12.2025 | 1. Усвојување на Записник од четириесет и првата седница на Одбор на директори<br>2. Донесување на Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2025 година |

***Надлежности на Одбор на директори се следните:***

1.Донесува општи акти во рамките на својата надлежност,

2.Ја утврдува и води деловната политика,

3.Ги донесува плановите и програмите за работа на Друштвото и дава насоки за нивно спроведување,

4.Ја утврдува внатрешната организација на Друштвото и одлучува за економски, технолошки, и структурални промени кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените,
5.Донесува одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, за стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки кои не се во надлежност на Собранието на Друштвото,
6.Донесува одлуки за склучување на договори за лиценци, за вложување, долгорочна кооперација и слично,
7.Донесува одлуки во врска со земањето на краткорочни и долгорочни финансиски кредити,
8.Донесува одлука за назначување на лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица),
9.Ги утврдува цените на производите на Друштвото,
10.Одлучува за отпис на побарувањата, кои вкупно во текот на деловната година не можат да бидат поголеми од 1\20 од основната главнина на Друштвото,
11.Одлучува за склучување на колективен договор и за барањата на Синдикатот за заштита при работа на работниците,
12.Одлучува по барање и приговори на работниците за заштита на правата на работниците од работен однос во втор степен,
13.Одлучува за купување и отуѓување на недвижности и трајни обртни средства на Друштвото ако нивната вредност не е поголема од 1\20 од главницата на Друштвото,
14.Одлучува за издавање под закуп на имотот на Друштвото,
15.Одлучува за основање и престанок на подружници на Друштвото,
16.Одлучува за набавка, расходување и отуѓување на основни средства,
17.Го усвојува извештајот за попис на средствата,
18.Одлучува за долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или за нејзино престанување,
19.Одлучува за барањата од надлежните органи и институции,
20.Одлучува за основање и затварање или пренос на претпријатието или на негов дел што учествува со над 10% од приходот на друштвото.
21.Се грижи и презема потребни дејствија за исполнување со закон пропишани обврски на Друштвото,
22.Ги определува овластените потписници на Друштвото,
23.Поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото во текот на деловната година,
24.Покренува иницијатива и утврдува предлог на одлука за измена на Статутот на Друштвото,
25.Формира комисии од редот на своите членови и од други лица за извршување на одредени работи,
26.Одлучува за давање на прокура,
27.Предлага статусна промена на Друштвото поткрепен со елаборат за економска оправданост за предложената статусна промена,

# II. СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

## Собрание на акционери и донесени одлуки

Во текот на 2025 година, ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО одржа една редовна седница на Собранието на акционери. Друштвото се грижи сите акционери да бидат навремено информирани и да го остварат своето право на глас согласно законските процедури.

- **Комуникација со акционерите**

Друштвото ја олеснува партиципацијата на акционерите преку:

- Објава на Јавен повик на веб страна и во еден дневен весник
- Објава материјалите на веб-страницата и преку системот на Берзата.
- Обезбедување обрасци за пријава, известување и гласање
- Објава на одговорите на прашањата поставени од акционерите за време на седниците.

**- Редовно годишно Собрание на акционери (30.05.2025 година)**

На Годишното собрание на акционери на Фабриката, одржано на 30.05.2025 година, од вкупно 491.000 акции со право на глас, присуствуваа акционери и полномошници на акционери со 302.258 акции со право на глас или 61,56 % акции од вкупниот број на акции со право на глас.

| Донесени акти на Седница на Собрание на акционери | Резултати од гласање |
|---|---|
| Одлука за избор на бројачи на гласови | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за избор на претседавач на Собрание на акционери | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за усвојување и одобрување на годишна сметка, финансиските извештаи со извештај на независниот ревизор, годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за покривање на загува остварена по годишна сметка/финансиските извештаи за 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |

| | |
|---|---|
| Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на член на Одбор на директори за деловната 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одбор на директори за деловната 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за усвојување и одобрување на извештајот на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |
| Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година | ЗА гласаа 302.258, ПРОТИВ 0, ВОЗДРЖАНИ 0 |

## III. КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Во текот на 2025 година ниту еден од неизвршни членови на Одбор на директори не пријави никаков судир на интереси ниту пак беа идентификувани потенцијални ризици од приватни влијанија врз процесот на донесување одлуки. Ова ја потврдува непристрасноста и објективноста на надзорната функција во рамките на едностепениот систем на управување. Исто така не се појави потреба од изземање од гласање по ниту една основа, со што се гарантира дека сите донесени одлуки се во исклучив интерес на Друштвото и неговите акционери, без влијание на лични или надворешни бизнис интереси.

# IV. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Организациска структура во Фабриката: Производство, Развој и подготовка на , Одржување, Управување со квалитет, Комерцијала, Економика и финансии, Човечки ресурси и Правни работи.



## V. АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА

Вкупен број на акции со право на глас во Фабриката е 491000 акции.
Квалитет пром ДОО Куманово – 257.087 акции или 52.36%
Рапид билд ДОО Куманово – 44.905 акции или 9,15%
Останати малцински акционери – 189.008 акции или 38,49%
Истите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар на хартии од вредност на РСМ. Акциите котираат на официјалниот пазар на Македонска берза, ISIN:MKCEVI101017.
Мнозински акционер на Фабриката е Квалитет пром ДОО Куманово.




## VI. ПРИНЦИПИ НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Во текот на 2025 година, ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во севкупното свое работење се придржуваше кон пропишаните **принципи** во Кодексот за корпоративно управување од 19.02.2021 година и тоа:

**- Остварување на правата и интересите на акционерите**

Друштвото им гарантира на сите свои акционери остварување на правата од акции утврдени во законските прописи и Статутот на Друштвото. Секој акционер има еднакво право да учествува во донесувањето на одлуки на Собранието. Акционерите имаат право да бидат информирани за активностите и работењето на Друштвото.

**- Транспарентност на сопственичката структура согласно законските одредби**

Друштвото, доставува податоци и информации во врска со неговото работење, финансиската состојба, акционерската структура и промените на истата.

**- Општествена одговорност**

Друштвото ги поддржува принципите на корпоративната општествена одговорност и ја прифаќа одговорноста за своите корпоративни активности кон акционерите, клиентите, деловните партнери, вработените кон општеството и државата,

**- Поделбата на надлежности**

Поделбата на надлежностите помеѓу органите на Друштвото, одредувањето на нивните надлежности и одговорности овозможува успешно спроведување на системот на корпоративното управување, поставен со Кодексот.

**- Редовна и ефикасна контрола и ревизија на работење на друштвото**

За да ги прегледува и потврдува нејзините финансиски извештаи, Собранието на Друштвото годишно избира лиценцирана професионална ревизорска институција-Друштво за ревизија, кое не е во никаква заемна врска со Друштвото и кое овозможува успешно спроведување на системот на корпоративното управување, поставен со овој Кодекс. Во Друштвото има организирано независна организациона единица за внатрешна ревизија /Служба за внатрешна ревизија/ чии вработени извршуваат исклучиво работи од доменот на внатрешната ревизија, а нејзина примарна цел е да обезбеди ефикасност и адекватност на системот на внатрешна контрола на Друштвото.

**- Почитување на законите и етичките стандарди и практики**

Друштвото ги извршува своите активности во согласност со законската регулатива, како и во согласност со принципите за добро корпоративно управување и деловна етика.

**- Информирање и односи со јавноста**

Друштвото ги објавува годишната сметка и финансиските извештаи согласно законските прописи. Друштвото им обезбедува на своите акционери, инвеститори и други заинтересирани лица слободен и лесен пристап до информациите на Друштвото, стратегијата, плановите, целите и очекувања во развојот. Вработените во Друштвото се обврзани да ги чуваат како доверливи информациите стекнати при извршувањето на нивните работни обврски. Доверливите информации може да бидат соопштени или објавени само во случај и на начин предвиден со закон. Друштвото ја минимизира можноста од појавување на конфликт на интереси и злоупотреба на внатрешни информации.

Сите релевантни информации, одлуките од Собранието на акционери, се јавно достапни и постојано ажурирани на веб страната на Друштвото: https://www.fzc11oktomvri.com.mk/

**- Независност и објективност**

Сите членови на органот на управување, лицата со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) и вработените во друштвото одлуките ги донесуваат објективно и независно и при извршување на своите обврски постапуваат со чесно и избегнуваат судир на интереси и интересите на Друштвото ги ставаат пред своите лични интереси.

**- Заштита на лични податоци**

Вработените во Друштвото кои во своето работење имаат пристап до лични податоци на граѓаните, треба да ги почитуваат принципите наведени во Законот за заштита на личните податоци во однос на процесирањето на личните податоци и слободното движење на тие податоци. Друштвото се залага за заштита на личните податоци, како на акционерите, така и на свите вработени и сите физички лица со кои соработува и чии лични податоци ги собира, обработува, чува и го уредува своето работење согласно Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти кои ја уредуваат оваа материја, како и меѓународните практики и политики за заштита на личните податоци. Друштвото има назначено офицер за заштита на личните податоци, кој се грижи за усогласеност на обработката на личните податоци со законската регулатива, а кај кого сите заинтересирани страни можат да ги доставaт своите барања за остварување на било кое од своите права во рамките на оваа материја. Воедно од интересите на нејзините акционери, клиенти, деловни партнери и сите заинтересирани субјекти, Фабриката постојано врши набљудување и контрола на усогласеноста на нејзините активности со одредбите на Кодексот за корпоративно управување.

## VII. КОДЕКС ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО е целосно посветена на обезбедување на рамка на корпоративно управување во согласност со законските одредби и меѓународните стандарди. Кодексот за корпоративно управување е изготвен во согласност со законските прописи и е усвоен од страна на Одборот на директори во 2021 година. Органот на управување односно Извршниот директор во посебниот дел од Годишниот извештај за работењето на Фабриката, има дадено Изјава за примена на кодексот за корпоративно управување која е составен дел на Годишниот извештај за работењето на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2025 година. Понатаму, како котирано акционерско друштво на Македонска берза, Фабриката, согласно член 42-а од Правилата за котација, нема обврска за примена на Кодексот за корпоративно управување на Македонска берза од причина што не исполнува најмалку три од четирите услови наведени во овие правила. Исто така, Фабриката не фигурира на списокот на котирани друштва кои ги исполнуваат условите наведени во член 42-а од Правилата за котација на Македонска берза.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените податоци во овој Извештај во текот на деловната 2025 година, ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО постигна високо ниво на усогласеност со начелата на доброто корпоративно управување.

Спроведувањето на едностепениот систем на управување се покажа како ефикасен модел кој овозможи брзо донесување одлуки, притоа задржувајќи строга контрола врз оперативните ризици преку активната улога на неизвршните и независните членови.

Преку транспарентното работење на Собранието на акционери Друштвото успеа да го заштити интегритетот на својот капитал и интересите на сите засегнати страни.

Иако компанијата во целост ги исполни сите барања на Кодексот за корпоративно управување во изминатата година, свесни сме за предизвиците произлезени од тековните финансиски резултати и остварената загуба.

Затоа, приоритетите на органите на управување за наредната деловна година ќе бидат насочени кон:

- Модернизација на производните процеси со цел зголемување на продуктивноста и кратење на оперативните трошоци.
- Минимизирање на трошоци и осигурување дека секој трошок е во функција на поддршка на стратегијата за закрепнување на компанијата.
- Обезбедување долгорочна одржливост преку инвестиции во нова технологија која ќе ја зголеми нашата конкурентност на пазарот.

Веруваме дека со доследна примена на начелата на добро управување и фокусирање на овие стратешки цели, ќе ги надминеме финансиските потешкотии и ќе ја вратиме компанијата на патот на профитабилно работење.

Управувањето со Друштвото останува фокусирано на создавање долгорочна вредност за акционерите, доследно почитување на законската регулатива и зацврстување на неговиот деловен углед како доверлив и стабилен учесник на пазарот.

Извршен директор
М-р Марија Ивановска Николовски

Фабрика за заварени цевки и профили Акционерско друштво 11 ОКТОМВРИ 1 Куманово